# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ

1 ЈАНУАРИ 2012 – 31 ДЕКЕМВРИ 2012

## СОДРЖИНА

Вовед  и  историјат на организацијата.......................................... 3 – 5

Спроведени активности................................................................ 6 -11

Позначајни постигнувања ............................................................12-13

# ВОВЕД

**Мисија на ЕХО:**

Да се залага, помага и обезбедува услови за унапредување на социо-економскиот статус на граѓаните со посебен осврт на активното граѓанско учество во креирање на политиките и заштита на човековите права.

**Цели и задачи:**

1. Да ја развива, подобрува и поддржува комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија, особено меѓу граѓаните и властите на сите нивоа;
2. Да ја подобрува едукацијата на граѓаните во согласност со современите општествени потреби;
3. Да ги набљудува и анализира економските, социјалните, здравствените и општествено-политичките процеси во земјата и да предлага мерки и превзема конкретни активности за нивно унапредување;
4. Да се залага за активно граѓанско учество и да учествува во креирањето на политики и донесувањето на одлуки на локално и национално ниво;
6. Да ги поддржува и афирмира процесот на децентрализација и економскиот развој и просперитет на Република Македонија;
7. Да го поддржува и афирмира процесот за приближување на РМ кон Европската Унија;
8. Да спроведува активности во насока на транспарентност, одговорност и отчетност и да се залага за намалување на корупцијата и подобрување на доброто владеење;
9. Да се залага за здрава еколошка средина, промоција на рурален, еко и социјален туризам и да ги промовира културните вредности, обележја и специфики на Република Македонија;
10. Да превзема и врши надлежности делигирани од државните органи и органите на единиците на Локална самоуправа:
11. Да остварува и други дејности во согласност со Законот, статутот и актите на здружението.

**Горенаведените цели, здружението ќе ги остварува на следниов начин:**

1. Организирање и реализирање на разни форми на комуникација меѓу сите општествените фактори;
2. Организирање и спроведување на истражувања, мониторинг и анализи;

3.Организирање и спроведување на обуки, работилници и други форми на едукација од различни области;
4. Организирање и спроведување на семинари, трибини, конференции и слични манифестации;
5. Работа со граѓани на непосреден начин;
6. Спроведување на активности за унапредување, јакнење и инфраструктурен развој на локалните заедници и ресурси во согласност со потребите и приоритетите на граѓаните;
7. Предлагање мерки до надлежните органи и институции за унапредување на политиките и практиките;
8. Изработување и доставување на разни информативни и едукативни материјали.

**Историјат**

ЕХО е невладина, непартиска организација во која граѓаните слободно се здружуваат.

Здружението е самостојно во организирањето и остварувањето на своите цели и активности.

Здружението ЕХО Едукативно - хуманитарна организација е основана на 14 април 2003 година по иницијатива на група граѓани со значително искуство на работа во граѓанскиот сектор и со огромен ентузијазам за внесување на иновативни идеи во работата на граѓанските асоцијации.Органите на управување и раководење на ЕХО вклучуваат:

- Собрание на здружението,
- Извршен одбор и
- Претседател на здружението.

Активностите на ЕХО пред сè се насочени кон јавните и државните институции и органи на централно и на локално ниво, бизнисмените и нивните асоцијации, кон невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво како крајни корисници на делувањето на организацијата.

ЕХО досега има спроведено над дваесет проекти, во рамките на кои има изработено и предложено неколку стотини конкретни предлози и препораки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно,

поотчетно и поодговорно работење на централната власт и на локалните власти и унапредување и прилагодување на локалните и национални политики.

ЕХО веќе осум години континуирано работи на овозможување на бесплатна правна помош на жртвите на семејно насилство, што е една многу специфична целна група, чии права и интереси организацијата ги заштитува и унапредува преку функционирање на канцеларија за бесплатна правна помош и преку активно вклучување на организацијата во креирањето и унапредувањето на социјалната заштита и правната регулатива.

Имајќи ја во предвид корелацијата помеѓу социјалниот и економскиот статус на граѓаните и нивното меѓусебно влијание, во последните години ЕХО го насочува своето делување и во областа на економското јакнење, базично преку предлагање на соодветни интервенции во економските политики и разни видови на поддршка на малите и микро претпријатија со цел да се зголеми и унапреди нивната конкурентност во националната економија.

ЕХО обезбедува одржување на својата примарна мисија во смисла на ефикасно остварување на правата на граѓаните, еднаков третман за сите и се фокусира и продолжува со својата посветеност на вклучување во креирање на политиките кои се во интерес на нашите целни групи.

## СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2012 година ЕХО работеше на спроведување на активности, пред се́, во рамките на следните проекти:

- „Проект на УСАИД за транспарентно владеење“, финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а кој се спроведува во партнерство со НВО Инфоцентар и Центар за граѓански комуникации;

- Проект „Воспоставување на систем за стандардизација на услугите за бесплатна правна помош кои граѓанските организации им ги овозможуваат на жртвите на семејно нсилство во Македонија“, финансиран од UNWOMAN/2012-2013;

- „Зајакнување на капацитетите на националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство“,финансиски поддржан од UN WOMEN;

- „Мониторинг на јавните набавки“, финансиски поддржан од ФИООМ и технички поддржан од Националниот демократски институт, а кој се спроведува во партнерство со Центар за граѓански комуникации;

- Проект на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки (2012-2015), финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а се спроведува во партнерство со Центар за граѓански комуникации од Скопје и фондацијата „Фокус“ од Велес;

- **„**Следење на примената на Законот за бесплатна правна помош“, финансиски поддржан од ФООМ;

- Учество во проектот „Медиумите и невладините организации против корупцијата“ финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а кој се спроведуваше во партнерство со Центар за граѓански комуникации;

- Економски дејности за самоодржливост на организацијата - Фитнес центар “ЕХО Боди арт“.

**Проект на УСАИД за Транспарентно владеење 2009 – 2012**

Цел на проектот: Да се зголеми довербата на граѓаните во локалните власти.
Во рамките на овој проект во 2011 година беа спроведени следните активности:

- Спроведено е истражување во кое се анкетирани 980 граѓани, 100 бизнисмени и 80 невладини организации од пет општини: Куманово, Тетово, Кичево, Дебар и Охрид за проценка на степенот на учество на заедницата во процесот на донесувањето одлуки; професионалноста на општинската администрација; степенот на информираност на граѓаните и отчетност на општината и проактивноста на општината кон заедницата;
- Изработени се одделни и збирна анализа врз основа на резултатите од истражувањето, кои треба да им послужат на општините во нивната натамошна работа како основа за унапредување на работењето во оние сфери каде што постои незадоволство кај испитаните членови на локалната заедница;
- Доставени се 90-ина препораки за секоја од општините опфатени со истражувањето, со сугерирање конкретни мерки за надминување на утврдените слабости и за унапредување на работењето на локалните власти;
- Одржани се пет работилници, по една во секоја од опфатените општини, на кои вкупно 75 претставници на локалните самоуправи се обучени за спроведување на претходно доставените препораки;
- Спроведено е истражување меѓу 1000 граѓани, 145 бизнисмени и 75 невладини организации од осум општини за мерење на напредокот од спроведувањето на проектот за транспарентно владеење;
- Изработена е анализа на резултатите од истражувањето со констатирање на сферите во кои е постигнат напредок, преземените активности за постигнување на тој напредок, сферите во кои се потребни натамошни подобрувања, како и активностите што треба да се преземат во таа насока.

**Проект - „Воспоставување на систем за стандардизација на услугите за бесплатна правна помош кои граѓанските организации им ги овозможуваат на жртвите на семејно насилство во Македонија“**

Цел на проектот: Да востанови, да промовира и да стави во функција модел кој ќе го подобри квалитетот и ќе овозможи стандардизирано обезбедување на услугите за бесплатна правна помош од страна на граѓанските организации кои се легитимни даватели на бесплатна правна помош на жртвите на семејно насилство.

Во рамките на овој проект во 2012 година беа спроведени следните активности:

- Тековно работење на канцеларијата за бесплатна правна помош за жртвите на семејно насилство во рамки на ЕХО;
- Отворен тренинг центар за јакнење на капацитетите на организациите кои работат на ова поле во нашата земја, со цел да се унапредат услугите за правна помош и истите да се стандардизираат, што е во согласност со актуелните развојни текови во областа на справување со насилството врз жените, конкретно во согласност со одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за борба и спречување на насилство врз жената и семејно насилство;
- Отварање и функционирање на 3 канцеларии за бесплатна правна помош за жртвите на семејно насилство на партнерските организации кои се вклучени во имплементацијата на проектот: Организација на жени – Струмица, Организација на жените на Општина Свети Николе - Свети Николе и Кризен центар Надеж – Скопје;
- Дводневна работилница за усогласување и прифаќање на минимум стандардите за обезбедување на бесплатна правна помош на жртви на семејно со цел воспоставување на ефикасен систем за заштита на жртвите на семејно насилство во кои активно ќе партиципираа сите организации, кои со поддршка на UN WOMEN ги пилотираа првите стандарди за БПП при давањето на услуги на жртвите на семејно насилство, но исто така и други организации кои работат на ова поле;
- Тродневна работилница за формирање на стручно тело составено од претставници на граѓанските организации, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Центарот за социјална работа и изготвување на драфт верзија на деловник за работа на Стручното тело.

**Проект - Зајакнување на капацитетите на националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство**

Цел на проектот: Јакнење на капацитетите на членките на Националната мрежа за борба против семејно насилство и насилство врз жените.

Во рамките на овој проект во 2012 година беа спроведени следните активности:

- Обука „Обезбедување на фондови за јакнење на институционалниот капацитет на организациите кои го третираат проблемот на родово базирано насилство";
- Учество во кампањата 16 дена активизам против насилство врз жените;
- Одржани 3 прес конференции, дадени 10 интервјуа и повеќе изјави за локални и национални електронски и печатени медиуми.

**Проект – Мониторинг на јавни набавки**

Цел на проектот: да се зголеми транспарентноста, отчетноста и одговорноста при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

Во рамките на овој проект во 2012 година беа спроведени следните активности:

- Учество на обука за мониторирање на јавни набавки на локално ниво;
- Мониторирање на јавни набавки на локално ниво.

**Проект - на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки**

Цел на проектот: олеснување на влезот и учеството на микропретпријатијата на пазарот на јавни набавки, што придонесува кон нивен поодржлив развој и подобро искористување на потенцијалите за создавање работни места, раст и иновации.

Во рамките на овој проект во 2012 година беа спроведени следните активности:

- Спроведено е истражување меѓу 400 микропретпријатија и 30-ина договорни органи од 21 општина од источниот регион и Струмица и од

вардарскиот регион за да се лоцираат главните причини за малото учество на микропретпријатијата во јавните набавки;

- Изработени се анализа и препораки за зголемување на учеството на микропретпријатијата во јавните набавки преку серија мерки што треба да ги преземат државните институции во насока на намалување на постојните пречки што ги оневозможуваат микропретпријатијата да настапуваат на овој пазар;
- Отворени се два регионални центри за поддршка на микро и мали претпријатија, во Штип за источниот регион и Струмица и во Велес за вардарскиот регион. Промоцијата на центрите беше посетена од 150 претставници на микропретпријатија и на институции од споменатите региони. Услугите што ќе ги нудат центрите ќе придонесат за заживување на локалните економии во овие региони.

**Проект - Следење на примената на Законот за бесплатна правна помош**

Цел на проектот: Да го олесни и поддржи воспоставувањето на системот на бесплатна правна помош во Република Македонија, преку соработка и координирано дејствување на овластените здруженија за давање на претходна правна помош, преку идентификување на слабостите и пречките во имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош и давање на препораки за нивно надминување и отстранување за добивање на поефикасен систем во кој граѓаните би имале можност целосно да го остварат правото на еднаков пристап до правдата. Дополнително, целта е да се зајакнат капацитетите на здруженијата како даватели на бесплатна правна помош.

Во рамките на овој проект во 2012 година беа спроведени следните активности:

- Преку канцеларија, бесплатна правна помош, во вид на општа информација и правен совет, побарале и добиле 165 граѓани;
- Подршка во подготовка и учество во промоцијата на национално ниво на Анализата за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2011 година “Бајка или реалност?! Бесплатната правна помош во Република Македонија”;
- Поддршка во подготовка и учество во јавна дебата за промоција на локално ниво на Анализата за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2011 година “Бајка или реалност?! Бесплатната правна помош во Република Македонија;
- Учество во подготовка на Водич за видовите, начините и трошоците за остварување и заштита на правата во македонскиот пртавен систем “Како да ги остварам и заштитам моите права? Колку ќе ме чини тоа?”;

- Поддршка во подготовка и учество на тркалезната маса “Подобрување на положбата на здруженијата во измените на Законот за бесплатна правна помош”;
- Учество во напредна обука “Стратешко водење на постапките во кои е одобрена бесплатна правна помош“;
- Промоција на правото на бесплатна правна помош преку дистрибуција на флаери, постери и публикации до државните органи, здруженијата и граѓаните;
- Учество во подготовка на содржини на порталот www.pristapdopravda.mk ;
- Набљудување на судски рочишта по предмети што се водат во Основен суд Штип, за кои е одобрена бесплатна правна помош.

**Економска дејност за самоодржливост - Фитнес центар “ЕХО боди арт“**

Цел на проектот: Промовирање и практикување на здрави стилови на живеење

Во рамките на оваа дејност во 2012 година беа спроведени следните активности:

- Отварање и функционирање на фитнес центар “ЕХО боди арт“;
- Подготовка и печатење на брошура „Култура на исхрана“;
- Спроведување на едукативни сесии за здрави начини на исхрана и практикување на физички активности.

## ПОЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА

- ✓ Доставени се вкупно 90-ина препораки за секоја од општините опфатени со истражувањето, со сугерирање конкретни мерки за надминување на утврдените слабости и за унапредување на работењето на локалните власти;

- ✓ Изработена е збирна анализа врз основа на резултатите од истражувањето за транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните власти и работењето на општинските служби и се изработени препораки кои треба да им послужат на општините во нивната работа;

- ✓ Изработена е анализа и препораки за зголемување на учеството на микропретпријатијата во јавните набавки преку серија мерки што треба да ги преземат државните институции во насока на намалување на постојните пречки што ги оневозможуваат микропретпријатијата да настапуваат на овој пазар;

- ✓ Доставени препораки, насоки и можни предлог измени за надминување на слабостите во функционирањето на законот за бесплатна правна помош;

- ✓ Преку канцеларија за бесплатна правна помош за жртви на семејно насилство, дадени се правни услуги на 165 граѓани кои побарале помош. Дел од граѓаните кои побарале правна помош се жртви на семејно насилство, а поголемиот дел се со слаба имотно - финансиска состојба, потенцијални корисници на правото на бесплатна правна помош, согласно Законот за бесплатна правна помош;

- ✓ Публикувана Анализата за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2011 година “Бајка или реалност?! Бесплатната правна помош во Република Македонија;

- ✓ Покрај канцеларијата во Штип, беа отворени уште три канцеларии за обезбедување на бесплатна правна помош за жртви на семејно насилство под раководство на ЕХО во општините: Струмица, Скопје и Свети Николе;

- ✓ Во рамките на ЕХО беше отворен и отпочна со работа Тренинг центар за јакнење на капацитетите на граѓанските организации кои оберзбедуваат помош и поддршкас на жртви на семејно насилство;

- ✓ Предложен модел за стандардизација на услугите на граѓанските организации кои работат во доменот на семејното насилство;

- ✓ Изработени се анализа и препораки за зголемување на учеството на микропретпријатијата во јавните набавки преку серија мерки што треба да ги преземат државните институции (договорните органи) во насока на намалување на постојните пречки што ги оневозможуваат микропретпријатијата да настапуваат на пазарот на јавни набавки.